**Проф. д-р Драгана Батиќ**[1]

# РОДИТЕЛСКА НЕКОМПЕТЕНТНОСТ КАКО ФАКТОР НА РИЗИК ЗА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 316.812.1-055.52-005.62:343.91-053.6**
**343.9-055.52:343.91-053.6**

**Апстракт**

Според Американската психолошка асоцијација, родителската практика ширум светот има три главни цели: осигурување на здравјето и сигурност на децата, подготовка на децата за живот како продуктивни возрасни и пренесување на културните вредности. Позитивното родителство се состои од високо ниво на емоционална топлина и прифаќање, позитивни стратегии на социјализација и претставува силен заштитен фактор воопшто, вклучувајќи ги и децата што живеат во тешки околности, како што се низок економски стандард, еднородителско семејство, сиромашно соседство, воени околности. Децата чии родители не практикуваат позитивно родителство, покажуваат повисок степен на проблеми во однесувањето. Тргнувајќи од развојната криминологија, која се темели врз идентификување фактори на ризик што водат кон криминално и антисоцијално однесување, во трудот се разгледуваат семејните фактори што се клучни за антисоцијалното однесување на детските престапници, како што се занемарување/злоупотреба на деца, криминалитет на родителите и други некомпетентни родителски практики, во кои спаѓаат: авторитарен и отфрлувачки родителски стил, физичко казнување, злоставување деца, злоупотреба на супстанции кај родителите. За секоја од овие појави е даден преглед на истражувања за поврзаноста со криминалитетот на младите.

**Клучни зборови:** малолетничка деликвенција, физичко казнување, злоупотреба на деца, родителски криминал, зависност од супстанции.

[1] Професор, Факултет за безбедност – Скопје.

## Вовед

Со оглед на тоа што нарушеното однесување претставува еден од најчестите проблеми во детството и во младоста, особено кај машките адолесценти, овој проблем привлекува големо внимание кај истражувачите. Во последните децении постои напредок во однос на сознанијата за причините на нарушено и криминално однесување благодарејќи на развојни, проспективни и лонгитудинални истражувања (Loeber, 1999; Farrington, 1995; Bender, Bliesener и Loesel, 1996). Веројатно најцелосно согледување на феноменот детско престапништво дава развојниот модел на објаснувањето на оваа појава, кој е поврзан со поимот развојна криминологија, кој првпат се појавил на почетокот на 90-тите години (Loeber и Cop., 1993, според Ајдуковиќ, 2001).

## Што е развојна криминологија?

Од 1990-тите години се појавуваат развојни или теории на животен циклус на криминалитет. Тие спаѓаат во позитивистички теории, но за разлика од теориите насочени на одредени околности што влијаат врз настанувањето на криминалното однесување, развојните теории се насочени на целиот живот, од раното детство до староста (Thornberry, 2005). Искуствата во детството, адолесценцијата и во возрасниот период вклучуваат континуирани промени, индивидуите напредуваат во улогите одредени културолошки и возрасно и преку социјалните премини. Овие теории се насочени кон три подрачја: развојот и текот на ризичното однесување не само во текот на детството и адолесценцијата, туку и во возрасниот период; се обидуваат да ја објаснат криминалната кариера во однос на возраста; проучување на ризичните фактори поврзани со тој развој (со нагласок на утврдувањето на разликите во тие односи со текот на растењето на личноста). Различни фактори, како што се индивидуални фактори, семејство, врсници и пошироката заедница, влијаат врз искуството на промена. Развојната криминологија го проучува влијанието на важните настани за понатамошниот развој на ризичното однесување. Се користат концепти на развоен пат и премини.

Една од клучните цели во развојната криминологија е да идентификува ран ризик и заштитни фактори поврзани со криминално и антисоцијално однесување. Клучните фактори на ризик типично се во корелација со индивидуата, семејството, врсниците, училиштето и општеството (Farrington & Welsh, 2007; Tanner-Smith, Wilson & Lipsey, 2013). Факторите на ризик и заштитните фактори, генерално, имаат кумулативен ефект (Loeber и др., 2006; Rutter, 1979; Sameroff, 2000; Sameroff, Gutman & Peck, 2003). Ова значи дека како што се зголемува бројот на фактори на ризик, така се зголемува веројатноста за криминално и антисоцијално однесување, а како што се зголемува бројот на заштитни фактори, така се намалува и веројатноста за криминално и антисоцијално однесување.

Истражувачите идентификувале голем број фактори на ризик и заштитни фактори, кои се во релација со детското престапништво. Овие фактори може да ги поделиме на неколку нивоа: индивидуални, семејни, училишни, врснички и фактори на пошироката средина.

Во овој труд ќе се задржиме на семејните фактори, поточно на некои некомпетентни родителски практики што, како што покажале истражувањата, водат до криминалитет во младоста, но и во подоцнежниот живот.

**Стилови на родителство како фактори на ризик за престапништво**

Според Американската психолошка асоцијација, родителската практика ширум светот има три главни цели: осигурување на здравјето и сигурност на децата, подготовка на децата за живот како продуктивни возрасни и пренесување на културните вредности (APA, 2018). Влијанијата врз децата од кои зависи остварувањето на овие цели се многубројни, од срединскиски до биолошки. Богатата литература од оваа област укажува дека родителските практики играат голема улога во нивното постигнување.

Стилот на родителство се однесува на комбинација на стратегии што се користат во воспитувањето на сопствените деца. Некои научници се обиделе да ги забележат сличностите и разликите и да ги групираат родителите во однос на родителскиот стил. Најпознати и најмногу истражувани стилови на родителство се оние што ги опишала Дајана Баумрајнд (Diana Baumrind) уште во 1967 година. Таа опишува три основни стила: авторитативен, авторитарен и допустлив, а подоцна Мекоби и Мартин (Maccoby & Martin) ги проширувaат со уште еден стил – занемарувачки. Родителските стилови на Баумрајнд се засноваат врз два важни аспекта: родителските одговори, кои подразбираат одговарање на потребите на детето и родителските барања, кои ги означуваат родителските барања за зрело и одговорно однесување на детето. Единствениот правилен и пожелен родителски стил е авторитативен или демократски родителски стил. Се карактеризира со поставување очекувања и ограничувања, кои се во согласност со возраста на детето. Демократските родители се одликуваат со чувствителност и поддршка, ги препознаваат потребите и постигнувањата на детето и го охрабруваат да ги изрази слободно своите ставови. Ова е пример за позитивно родителство. Овие родители ја почитуваат посебноста на детето, се грижат за потребите на детето, но и му поставуваат јасни граници на однесување. Казнувањето е одмерено и конзистентно, а не произволно и насилно. Родителите обично простуваат за грешките, но кога ќе казнат, го објаснуваат мотивот за казната. Останатите три родителски стила (авторитарен, допустлив и занемарувачки) се помалку позитивни стилови на родителство и може да доведат до последици по детскиот развој, што покажуваат истражувањата за кои ќе зборуваме подоцна. Особено авторитативниот родителски стил неретко претставува пат кон агресивното, дури и кон насилното однесување на детето, кое продолжува и во адолесценцијата и во возрасниот период.

Пермисивниот (попустлив родителски) стил се одликува со чувствителност на детските потреби и ниски барања од детето. Во нивниот однос не се дефинирани правилата и ограничувањата, односно на детето му е дозволено повеќе отколку што треба. Поради таа попустливост, овие деца се разгалени и не учат да го контролираат своето однесување, според што се слични на децата на авторитарните родители (импулсивни и незрели).

Занемарувачкиот родителски стил не е чувствителен за потребите на детето и не е ограничувачки. Овој стил се нарекува и бесчувствителен, отфрлувачки и рамнодушен. Родителите не даваат емоционална поддршка, но сè уште ги обезбедуваат потребите на детето. Во адолесценцијата, децата може да покажат модели на деликвентно однесување.

Авторитарниот родителски стил е мошне важен за развојот на проблемите во однесувањето и деликвентното однесување. Авторитарниот родител се одликува со високи барања, кои не се проследени со објаснување и генерална нечувствителност на потребите на детето. Родителите користат сила и авторитет, а лутењето и незадоволството кон детето се чести емоции. Авторитарните родители се ригидни, остри и му поставуваат високи барања на детето. Го казнуваат детето доколку не ги следи нивните упатства. Од друга страна, малку се чувствителни кон потребите на детето, бараат послушност без објаснување. Склони се кон грубо дисциплинирање на децата, често користејќи физичко казнување. Не ја почитуваат автономијата на детето, односно неговите таленти, интереси, сили и слабости се занемаруваат во корист на почитувањето на правилата и конформизмот на родителите. Авторитарните родители, со користење на методите на воспитување со кои ја демонстрираат својата моќ, ги учат децата на прифатливост на агресивноста, посебно како начин на справување со конфликтите. Во основата на авторитарното родителство е недостигот на топлина и поддршка, од една страна, и барањата за постигнување некаков стандард, што претставува отфрлање на детето како индивидуа. Две димензии што се основа на авторитарното родителство се родителското отфрлање и родителското непријателство (Casas, 2006).

Родителското отфрлање е главен предуслов не само за агресивноста кај детето, туку и за интензитетот на агресивноста (Roelofs, 2006, Rohner и Britner, 2002). За разлика од ова, родителското прифаќање е поврзано со просоцијално однесување и позитивни релации со врсниците (Rohner и Britner, 2002). Роналд Ронер (Ronald Rohner) своите истражувања на родителското прифаќање и отфрлање ги проширил во повеќе земји: Бахреин, Кина, Хрватска, Индија, Англија, Јапонија, Норвешка, Пакистан и Америка, и покажал дека потребата од родителска љубов и прифаќање е универзална (Khaleque, Roner, 2002). Од друга страна, родителското отфрлање било значително поврзано со различни проблеми во однесувањето на децата, вклучително и нарушување во однесувањето и малолетничката деликвенција. Овие истражувања покажале дека во различни земји, родителското отфрлање е клучен фактор, кој им претходи на проблемите на однесување, како што се: непослушност, непријателство, агресија и суровост, и тоа, во различни култури. Меѓу последиците на незадоволена потреба на детето за родителско

прифаќање се: непријателство, агресија, ниска самопочит, како и негативно видување на светот (Khaleque, Roner, 2002). Овие наоди се конзистентни со наодите на теоријата на потребите на Маслов (1970), како и со Болбиевата теорија на афективно врзување (1982).

Изразувањето на родителското отфрлање често се манифестира преку непријателското родителство (hostile parenting). Ваквото родителство се карактеризира со однесување што е грубо, луто, контролирачко, неодобрувачко и отфрлувачко (Brannigan и др., 2002; Scaramella и Conger 2003). Во една голема студија за етиологијата на малолетничкото престапништво, каде што се испитувани 13.000 испитаници, деца од 4 до 11-годишна возраст, се покажало дека непријателското родителство е значаен фактор на ризик, кој придонесува за нарушено и деликвентно однесување (уништување имот, крадење, лажење, измами и вандализам), како и за агресија (пркос, борба, удирање, гризење) (Scaramella и Conger, 2003). Слично како и несигурното афективно врзување, и непријателското родителство создава претстава кај детето дека надворешниот свет е непријателски настроен. Истражувањата покажале дека присилното родителство е силен фактор за антисоцијално агресивно однесување меѓу децата и адолесцентите (Bor и Sanders 2004; George, Herman и Ostrander, 2006). Раното присилно родителство претставува далечна причина за психолошко злоставување и семејно насилство кај возрасните (Schwartz и др., 2006).

Суштинската карактеристика на непријателското однесување е присилна контрола. Претставува карактеристика на релацијата родител – дете, во која родителот се обидува да го контролира однесувањето на детето со помош на присилни тактики: заплашување, лутење или непријателски стратегии, како што се барања и закани. Присилно-контролирачки циклус се развива преку заемното засилување на ваквото однесување помеѓу родителот и детето. Детето учи од родителот дека агресијата, барањата и застрашувањето се начини за справување со конфликти.

Кога зборуваме за родителските стилови на Баумрајнд, вреди да се напомене дека поврзаноста помеѓу родителските стилови и однесувањето на децата постојано се потврдува во истражувањата во различни култури, и кај машките и кај женските деца (Covell и Howe, 2001a). Така, демократското родителство е поврзано со позитивни резултати во различно време и во различни култури, и кај женските и кај машките деца. Децата и адолесцентите и во колективните и во индивидуалистичките култури, авторитарното родителство го интерпретираат на ист начин, како: недостиг на топлина, недостиг на автономија и поддршка со високо ниво на контрола, односно како непожелно и непријателско родителство (Covell, Howe, 2007).

### Физичко казнување

Може да се каже дека авторитарното родителство во секоја култура создава агресивни деца. Главната причина за тоа е користењето физичко казнување на авторитарните родители. „Физичкото казнување претставува користење физичка сила со

намера детето да искуси болка, но да не се повреди, со цел да го коригира или да се контролира детското однесување“ (Straus, 1994: 4). Последниве години се води жолчна дискусија околу тоа дали физичкото казнување, всушност, претставува злоставување на детето. Во овој труд го прифаќаме ставот дека физичкото казнување се наоѓа на континуумот помеѓу користење физичка сила чиј друг крај е злоставување. Кога се користи физичко казнување, резултатот е спротивен од очекуваниот бидејќи на тој начин однесувањето на детето ниту се коригира, ниту се контролира. Напротив, детето учи агресија и насилство. На кој начин се случува тоа учење?

Постојат четири начини: првиот, всушност, дава модел на агресија како начин за решавање проблеми; вториот е со фокусирање на вниманието на детето на последиците на однесувањето повеќе отколку на самото однесување; третиот се базира врз теоријата на социјална контрола и четвртиот произлегува од ефектите на физичкото казнување на односот помеѓу родителот и детето.

Првиот начин се објаснува со теоријата на Бандура (1973) за учење според модел, врз основа на кој, кога детето физички се казнува, родителите го учат дека агресијата е адекватен начин за покажување на незадоволството и начинот за контролирање на другите луѓе. Родителската агресија децата ја имитираат затоа што сите деца се склони да ги имитираат своите родители. „Иронично е тоа што најчестата причина поради која родителите го користат физичкото казнување е да се стопира агресивното однесување на децата“ (Gershoff, 2002). Вториот начин на кој се учи агресивното однесување преку физичкото казнување е што тоа не ги учи децата како да се однесуваат и не прави децата да ги интернализираат моралните и социјалните прифатливи стандарди на однесување. Физичкото казнување ги учи дека одредено однесување предизвикува казнување. Агресијата е добра доколку казнувачот е отсутен.

Третиот начин се заснова врз теоријата за социјална контрола, според која се претпоставува дека стратегиите на социјализација се главните детерминанти за развојот на социјалната контрола. Децата што не ги интернализираат вредностите и стандардите на однесување имаат тенденција на слаба самоконтрола. Ниската самоконтрола е предиспонирачка за агресивно и криминално однесување кај повозрасните деца.

И, четвртиот начин се однесува на односот помеѓу детето и родителот. Имено, физичкото казнување предизвикува болка, бес, страв и стрес (Gershoff, 2002). Овие негативни емоции водат кон игнорирање или избегнување на родителот или предизвикуваат одмаздничка агресија (Berkowitz, 1983; Snyder и Patterson 1986). Поради нарушениот однос помеѓу детето и родителот, предизвикан од постапките на родителот и негативните емоции кај детето, детето му откажува послушност на родителот, нема доверба во него, така што, всушност, физичкото казнување има влијание врз создавањето и одржувањето на агресивното однесување кај детето.

Постојат многу истражувања што ги испитуваат развојните ефекти од користењето на физичкото казнување, а најголемиот број од нив се оние што се фокусирани на агресијата кај децата и младите. Се покажало дека физичкото казнување е поврзано со

зголемена агресија во детството, пред сè, кон браќата/сестрите и кон врсниците, со зголемена агресија во адолесценцијата и со агресија во романтичните врски во адолесценцијата и во возрасниот период (Durrant и др., 2004; Gershoff, 2002). Студиите што ја истражуваат етиологијата на криминалното и насилното однесување го идентификуваат физичкото казнување во детството како предуслов на подоцнежно вршење кривични дела. Еве некои илустративни студии. Во 16-годишна лонгитудинална студија, во која биле вклучени околу 400 деца од предучилишна возраст, се покажало дека физичкото казнување на мајката на предучилишна возраст е предуслов на агресивното поведение во адолесценција, па авторите наведуваат дека има и силни докази дека физичкото казнување е причина за агресијата. Колку физичкото казнување е посилно, толку ќе биде посилна и подоцнежната агресија (Herrenkohl, Egolf, Herrenkohl, 1997). Во едно друго истражување, испитувани се децата во Америка од латиноамериканско потекло, од 10 до 14-годишна возраст. Децата растеле во слична социоекономска средина во однос на социодемографските варијабли. Се покажало дека децата со слични социоекономски проблеми (сиромаштија, еднородителско семејство и др.), чии мајки физички ги казнувале, покажале трипати повеќе антисоцијално однесување (суровост, силеџиство, непослушност, лоши односи со наставниците, недостиг на грижа за другите и уништување имот), отколку децата што не искусиле физичко казнување (Eamon и Mulder, 2005).

Лонгитудинална студија на репрезентативен примерок од 942 адолесценти помеѓу 12 и 19-годишна возраст покажала дека грубото физичко казнување има директни ефекти врз проблемите на однесување, кое се одразува со вршењето насилство врз партнерот. Се претпоставува дека децата што се жртви на физичко насилство го генерализираат она што го научиле за агресивното однесување и развиваат генерален образец на антисоцијално однесување, чија карактеристика е насилството врз другите (Swinford и др., 2000).

Интересно е тоа што физичкото казнување има сличен ефект во различни култури, односно е поврзано со агресивното однесување кај детето. Во едно истражување се вршени интервјуа со 336 дијади мајка-дете. Вклучени биле деца од 6 до 17-годишна возраст во Кина, Индија, Италија, Кенија, Филипини и Тајланд. Се покажало дека, во сите земји, физичкото казнување на детето доведува до агресија на детето (Lansford и др., 2005). Овие наоди се во согласност со оние на Ронер (Rohner, 1986) и на Соркаби (Sorkhabi, 2005).

**Злоставување деца**

Светската здравствена организација (СЗО), злоупотребата и занемарувањето на децата ги дефинира на следниов начин: „Злоупотреба и занемарување претставуваат која било форма на физичко и/или емоционално злоупотребување, сексуална злоупотреба, занемарување или занемарувачки третман или комерцијална или друг вид експлоатација, која потенцијално или реално предизвикува закана или штети по здравјето на детето,

опстанокот, развојот или дигнитетот, во контекст на меѓусебниот однос на одговорност, доверба или моќ. Се смета дека физичкото казнување е неразделно од физичкото злоставување деца (Durrant и др., 2004, според Covell и Howe, 2007).

Физичкото злоставување дете, генерално, се однесува на тресење, удирање, шутирање, фрлање низ прозорец или врата, горење со цигари или пегла. Сексуалното злоставување дете вклучува акти во кои се комплетира или се прави обид за сексуална активност, а може да вклучи и сексуална експлоатација, како што се подведување на проституција и користење деца во порнографија (Covell, 2005). Емоционалното злоставување деца има широка дефиниција. Вклучува вербална злоупотреба, закани, понижување и запоставување. Исто така, може да вклучува отфрлање, изолација, корупција и вршење притисок врз детето. Во емоционално злоставување спаѓа и изложувањето на детето на семејно насилство, кое, од своја страна, е исто така широко дефинирано. На пример, изложување на семејно насилство при кое детето е сведок на повредите од насилството, исто така, спаѓа во оваа категорија, без оглед на тоа дали детето било или не било сведок на семејно насилство. Неуспехот на родителите да ги обезбедат физичките, емоционалните, медицинските, образовните и психолошките потреби на детето, неуспехот да го надгледуваат, што резултира со повреда или дозвола за криминално однесување и напуштање, се чинови на пропусти што се опишуваат како занемарување (Hildyard и Wolfe, 2002). Истражувањата покажуваат дека сите видови злоупотреба на детето (вклучувајќи еден вид, два или сите заедно) се поврзани со подоцнежно насилно однесување. При категоризирање на лошите постапки на родителите кон децата, мора да се земе предвид дека во секоја категорија се наоѓаат различни поттипови. Така, физичкото злоставување може да резултира со помали телесни повреди или со тешки кршења коски, повреди на главата и сл. Сексуалното злоставување може да варира од милување до силување. Занемарувањето може да се изразува во однос на биолошките потреби на детето, но и во однос на емоционалните, образовните и културните потреби. Занемарувањето, односно недостигот на родителска грижа и нега обично започнува рано, хронично е и силно е поврзано со развојните дефицити во сите подрачја на растењето (Hildyard и Wolfe, 2002). Систематските истражувања на овој проблем започнуваат на средината на 20 век. Раните студии на децата во институциите дале драматични податоци за ефектите на занемарувањето. Овие деца, освен сериозни здравствени проблеми, имаат проблеми со социјалната интеракција, емоционалната регулација и однесувањето (Spitz, 1945). Уште од раните истражувања на Шпиц, истражувањата на ефектите на занемарувањето деца давале слични резултати. Децата што се занемарени покажуваат слаба контрола на импулсите, проблеми со емоционална регулација, ниско самовреднување, непослушност и агресивно однесување, како и лоши односи со врсниците. Во доцната адолесценција и во раниот возрасен период, децата со историја на занемарување се во ризик од бегање, криминално однесување и насилно криминално однесување (Hildyard и Wolfe, 2002). Занемарувањето во детството е

проценето како фактор на ризик за рецидивизам (Kingree, Phan и Thompson, 2003). Резултатите зависат од возраста на детето, траењето и сериозноста на занемарувањето.

Студиите за децата посвоени од романските домови за деца без родителска грижа, за време на диктаторот Чаушеску, говорат за тоа. Времето поминато во домот, каде што сите видови занемарувања биле екстремни, го одредува степенот на последователни социјални, емоционални и бихевиорални дефицити кај детето (De Bellis, 2005). Де Белис е лидер на новата област на развојната трауматологија, област што ги синтетизира знаењата од развојната психопатологија, развојната невронаука и истражувањата на стресот и траумата. Тој сугерира дека ефектите од занемарувањето на детскиот развој се резултат на неадекватен развој на мозокот.

Во однос на физичката злоупотреба, истражувањата покажуваат дека таа е константно поврзана со агресивно и антисоцијално однесување. Од предучилишна возраст до доцна адолесценција, децата што биле физички злоупотребувани имаат тенденција да манифестираат високо ниво на агресија, некооперативност, спротивставувачко однесување, зголемен ризик од деликвенција и насилно криминално однесување во возрасниот период (Egeland и др., 2002; Hildyard и Wolfe 2002; Jaffee и др., 2004; Kolko 2002).

Во едно истражување, во кое учествувале 1.116 парови близнаци, се покажала каузалната поврзаност помеѓу физичко злоставување и развојот на агресија (Jaffee и др., 2004). Многу е ретко децата да бидат жртви само на еден тип злоупотреба, тие најчесто имаат искуство на злоупотреба од повеќе видови (Walrath и др., 2006). Терминот „малтретирање дете“ се користи во истражувањата кога се испитуваат ефектите на повеќе од еден тип злоупотреба. Најчесто одат заедно физичкото злоставување и занемарувањето (Chaffin, 2006). Децата што се злоставени и занемарени имаат поголем ризик од сериозни оштетувања на психолошкиот, социјалниот и бихевиоралниот развој (Zielinski и Bradshaw). Се покажало дека антисоцијалното и агресивно однесување, криминалното однесување и партнерското насилство се меѓу резултатите на малтретирање дете (Huefner и др., 2007; Kingree и др., 2003; Wolfe и др., 2004; Zielinski и Bradshaw, 2006).

Клучот за негативните резултати од малтретирањето е хроницитетот. Ова е особено важно затоа што најчесто и најмногу малтретирањето се случува во раниот период на животот на детето. Хроницитетот се дефинира како малтретирање што трае од една до 14-годишна возраст. Постојат индикатори дека доколку се интервенира за намалување на малтретирањето, тоа значително ја намалува и агресивноста во детството. Без интервенции, хроничното малтретирање дете е патот кон насилно однесување во адолесценција и во возрасниот период (Katherine Covell и R. Brian Howe). Малтретирањето дете е идентификувано како силен предуслов за подоцнежно интерперсонално насилство. Жртвите на малтретирање во детството се посебно во ризик да станат адолесценти и возрасни извршители на насилство на интимниот партнер (Huefner и др., 2007; Wolfe и др., 2004).

Екстремна манифестација на историјата на малтретирање има кај децата што извршиле убиство. Фарингтон и Вест (Farrington и West) уште во далечната 1981 година даваат податоци за поврзаноста помеѓу тешкото малтретирање во детството и вршењето насилен криминалитет во адолесценцијата и во возрасниот период. Децата што имаат извршено убиство, особено на своите родители, имаат историја на тешко и повеќекратно малтретирање. Според зборовите на Волш (Walsh), историјата на тешко и повеќекратно малтретирање од страна на родителите е „дијагностички маркер за опасност“ (Walsh).

**Злоупотреба на супстанции од страна на родителите**

Децата што се одгледувани од страна на родители кај кои постојат нарушувања поврзани со употреба, злоупотреба или зависност од психотропни супстанции, всушност, покажуваат постоење ризик за зголемена изложеност на различни фактори што се во тесна врска со развивање деликвентно однесување, како што се физичка злоупотреба и занемарување, семејни конфликти, семејно насилство и дисфункционално родителство (Park & Schepp, 2014). Уште во 1992 година, Дембо (Dembo) и колегите заклучиле дека злоупотребата на дрога и деликвентното однесување кај младите се резултат на злоупотребата на супстанции и криминалитет, како и на лична историја на малтретирање кога биле деца. Оттогаш до денес, истражувањата ги потврдуваат овие наоди. Родителите што злоупотребуваат супстанции имаат слични карактеристики со оние родители што ги малтретираат децата, а не користат супстанции. Од родителите што злоупотребуваат супстанции може да се очекува да бидат лоши родители, што ќе резултира со негативни последици кај децата, како и со трансгенерациско пренесување на злоупотребата на супстанции. Кај родители што злоупотребуваат супстанции има тенденција оваа појава да биде присутна и во нивното примарно семејство. Тие избираат партнери што злоупотребуваат супстанции и самите страдаат од неврофармаколошките ефекти од супстанциите што ги користат (Dunn и др., 2002; Ravndal и др., 2001).

Студиите за татковците што злоупотребуваат супстанции сугерираат на тоа дека, во споредба со оние што злоупотребуваат алкохол, татковците што злоупотребуваат дрога почесто живеат во сиромаштија и се вклучени во криминални активности, но имаат и помала социјална поддршка (Cooke и др., 2004). Мајките што злоупотребуваат супстанции се обично самохрани мајки, без образование, со историја на злоупотреба како дете, со лоши вештини за решавање проблеми и недостиг на социјална поддршка. Имаат тенденција да бидат невработени, во лоша материјална состојба и живеат во лоши станбени услови. Не изненадува тоа што родителите што злоупотребуваат супстанции покажуваат недоволни родителски способности. Нивната сопствена историја ги прави лоши кандидати за ефикасно родителство бидејќи зависноста им ги менува приоритетите. Со оглед на тоа што и самите живеат со тешкотии, и со ефектите од супстанциите, многу е тешко на децата да им ги дадат сигурноста, негата и љубовта што им се потребни и на кои имаат право. „Родителите што злоупотребуваат супстанции, генерално, не ги задоволуваат

потребите на децата и се неконзистентни, не ги надгледуваат децата, имаат тенденција да бидат или попустливи или наредувачки во своите стратегии на социјализација“ (Locke и Newcomb, 2004).

Постои висок коморбидитет помеѓу злоупотребата на супстанции од страна на родителите и малтретирањето на детето, особено занемарувањето, што често е причина за сместување на децата во други семејства (социјална заштита). Истражувањата покажуваат дека повеќе од 50 % од родителите што злоупотребуваат супстанции (алкохол, дрога или и двете) ги занемаруваат своите деца, а занемарувањето има тенденција да биде грубо и хронично (Dunn и др., 2002; Tyler и др., 2006). Некои извештаи покажуваат дека над 70 % од случаите на малтретирање деца се под дејство на родителско злоупотребување супстанции (Locke и Newcomb, 2003). Најчестите супстанции се: алкохол, хероин, кокаин, опијати, а значителен е бројот на оние што се повеќекратни зависници. Многу од децата се под старателство на социјалните служби од рана возраст (English, Marshall и Orme 1999; Semidei и др., 2001). Насилство врз интимниот партнер, исто така, се јавува често како проблем кај зависниците. Токму поради ова, присуството на сериозни проблеми во однесувањето на децата што доаѓаат од семејства каде што се изложени на различни нарушување поврзани со употреба, злоупотреба или зависност од психотропни супстанции е концептирано како среднофеноменолошка манифестација на генетски ризик за развивање вакви нарушувања (Hill, Shen, Lowers & Locke, 2000). Ова особено се однесува на децата што растат со родители зависници од алкохол, кои особено се подложни да го следат антисоцијалниот пат на алкохолизмот (Hussong и др., 2007).

Од сето ова може да заклучиме дека кај децата чии родители се зависници од супстанции (дрога и алкохол) постои повисок ризик да имаат проблеми во однесувањето, пред сè, агресивно и антисоцијално однесување, како и злоупотреба на супстанции. Ситуацијата станува уште посложена доколку мајката е зависник уште во бременоста.

**Заклучок**

Децата се развиваат низ трансакциите со своите родители или старатели, врсници, учители и сите други што ги среќаваат во својот живот. Познато е дека семејните фактори играат значајна улога во развојот на детето и дека се клучни и за антисоцијалното однесување на децата.

Прегледот на истражувањата во овој труд покажува дека секој вид од наведената родителска некомпетентност е поврзана со детско престапништво. Повеќето од децата што имаат криминално однесување обично се соочуваат со повеќе видови родителска некомпетентност, така што може да бидат присутни повеќе од 5-6 фактори на ризик. На пример, родителот што е зависник го занемарува детето, обично се занимава со криминал и може да биде осуден на казна затвор. Сите овие фактори имаат кумулативен ефект, а во недостиг на фактори на заштита, односно отсуство на соодветна поддршка од возрасни, многу често тоа доведува до нарушено, па и криминално однесување кај децата.

Децата што од рана возраст доживувале силни, чести и/или продолжени тешкотии, како што се физичка или емоционална злоупотреба, хронично занемарување, злоупотреба на супстанции на родителите, всушност се изложени на повеќекратни фактори на ризик што имаат кумулативно дејство. Повеќе фактори на ризик, кои некогаш влијаат непосредно, некогаш посредно и во интеракција, создаваат стрес, кој често, поради неможноста на детето да закрепне (поради преовладување на фактори на ризик и отсуство на фактори на заштита), создава токсичен стрес што доведува до емоционална дерегулација, која води до нарушување на однесувањето и до криминалитет.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Арнаудовски, Љ., Груевска Дракулевска, А. (2013). *Пенологија*, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2-ри Август – Штип.
2. Bentovim, A. (1994). "A Dissociative Identity Disorder, a development perspective", во Sinason, *Trauma and Multiplicity* Bruner, Routledge.
3. Boduszek, D., Hyland, P., Pedziszczak, J. & Kielkewicz, K. (2012). "Criminal Attitudes, recidivistic behaviour and the mediation role of associations with criminal friends: and Empirical Investigations within a prison sample of violent offenders", *European Journal of Psychology 8 (1*), 18 – 31.
4. Bolbi, D. (2011). *Sigurna baza*, Zavod za udzbenike, Beograd.
5. Brent, P. A., & Douglas, O. (2016). "Adaptation to Prison and Inmate Self-Concept", *Journal of Psychology and Behavioral Science, 4*(2), 70-79. Retrieved from https://doi.org/10.15640/jpbs.v4n2a6
6. Brodsky L. Stanley & Smitherman H. O'Neal (1983). *Handbook of Scales for Research in Crime and Delinquency*, Plenum Press, New York
7. Burrell, S. Trauma and the Environment of Care in Juvenile Institutions, The National Child Traumatic Stress Network.
8. Bynner, J. (1999). Risks and outcomes of social exclusion insights from longitudinal data, достапно на: https://www.oecd.org/edu/school/1855785.pdf
9. Cargill, R. (2004). *Antisocial attitudes and antisocial behaviour: An investigation of antisocial attitudes in a New Zealand non-offender sample*, A dissertation, Massey University, Albany.
10. Casey, S. & Day, A. (2008). Review of Programmes in Youth Training Centres, Office of the Guardian for Children and Young People, Government of South Australia.
11. Cassidy, J., Kirsh, S.J., Scolton, K.L. и Parke, R.D. (1996). "Attachment and representations of peer relationships", *Developmental Psychology 32*, 892–904.
12. Cherie, A. (2012). "Mental Health in Prison: A Trauma Perspective on Importation and Deprivation", *International Journal of Criminology and Sociological Theory*, 5/1, 886–894.

13. Cooke, D. J., Johnstone, L., & Gadon, L. (2008). *Situational risk factors and institutional violence.* Scottish Prison Service.
14. Covell, K. и Howe, B. (2009). *Children, families and violence, Challengers for children rights*, Jessica Kingsley Publishers London and Philadelphia.
15. Crighton A. David & Towl J. Graham (2008). *Psychology in prisons*, Blackwell Publishing.
16. De Bellis, M.D. (2005). „The psychobiology of neglect.„„ *Child Maltreatment 10,* 2, 150–72.
17. DeLisi, M., Trulson, R. Chad, Marguart W. James, Drury J. Alan & Kosloski, A. (2011). "Inside the Prison Black Box: Toward a Life Course Importation Model of Inmate Behaviour", *International Journal of Offender Therapy and Comparative Criminology* 55(8), SAGE, 1186–1207.
18. Eltink, E. A., Ten Hoeve, J., De Jongh, T., Van der Helm, G. H., Wissink, J. B., & Stams, G. J. (2017). "Stability and Change of Adolescents' Aggressive Behavior in Residential Youth Care", *Child Youth Care Forum, 47*(2), 199–217.
19. Erikson, E. (1976). *Omladina, kriza identifikacija*, Nip, Pobjeda, Titograd.
20. Farrington P. David (2004). "Advancing knowledge about the early prevention of adult antisocial behavior", *Early prevention of adult antisocial behavior*, Cambridge University Press, 1–31.
21. Farrington, D. & Welsh, B. (2007). *Saving children from life of crime,* Oxford, University press.
22. Ferguson, T. (1952) *The Young Delinquent in His Social Setting*. London: Oxford University Press.
23. Fergusson, R. (2004). "Discourses of Exclusion: Reconceptualising Participation Among Young People", *Journal of Social Policy, 33/2,* Cambridge University Press, 289–320.
24. Finlay, J. (2003). The Acquisition and the Use of Power and Control: A Model for Understanding Violence among Incarcerated Youth.
25. Garbarino, J. (2000) *Lost Boys*. New York: Anchor Books.
26. Graham-Bermann, S., Castor, L., Miller, L., & Howell, K. (2012). "The impact of intimate partner violence and additional traumatic events on trauma symptoms and PTSD in preschool-aged children", *Journal of Traumatic Stress, 25(4),* 393 - 400.
27. Greenberg, M.T. (1999). "Attachment and Psychopathology in Childhood", во J. Cassidy and P. Shaver (eds.) *Handbook of Attachment: Theory, Research and Clinical Applications*, New York: Guilford Press.
28. Greenberg, M.T., Speltz, M.L., DeKlyen, M. и Endriga, M. (1991) "Attachment security in preschoolers with and without externalizing behavior problems: A replication", *Development and Psychopathology 3,* 413–30.
29. Greenwald, R. (2002). "Trauma and Juvenile delinquency, Theory, research and Interventions", *Journal of Aggression, Maltreatment &Trauma*, (6) 1.

30. Halsey, M. & Deegan, S. (2015). *Young Offenders Crime, Prison and Struggles for Desistance,* Palgrave Studies in Prisons and Penology.
31. Harvey, J. (2007). *Young Men in Prison Surviving and adapting to life inside,* Willan Publishing.
32. Hayward, K. (2009). "Opening the lens Cultural criminology and the image", во Hayward, K.& Presdee, M. (eds.) *Framing Criminology and the image,* London: Routladge.
33. Heide, K.M., & Solomon, E.P. (2006). "Biology, childhood trauma, and murder: Rethinking justice", *International Journal of Law and Psychiatry, 29,* 220 - 233.
34. Hertzman, C. (2013). "Biological embedding, life course development and the emergence of a new science", во J. Fielding, R. Brownson and L Green (Eds.). *Annual Review of Public Health, 14,* 1 - 6.
35. Hochstetler, A. & DeLisi, M. (2005). "Importation, deprivation and varieties of serving time: An integrated-lifestyle-exposure model on prison offending", *Journal of criminal justice* 33, Elsevier, 257–266.
36. Ignjatovic, Dj (2009). *Teorije u kriminologiji*, Pravni Fakultet Universiteta u Beogradu.
37. Kissner F. Robert (1979). *The self-concept as a predictor of juvenile delinquency*, A Thesis ubmitted, Simon Fraser University.
38. Кенинг, Н. (2008). *Квалитативни методи на истражување,* Филозофски факултет Скопје.
39. Leslie, L. A., & Cook, E. T. (2015). "Maternal Trauma and Adolescent Depression: Is Parenting Style a Moderator?", *Psychology, 6,* 681–688.
40. Marcia, J. E. (1980). "Identity in adolescence", во J. Adelson (Ed.), *Handbook of Adolescent Psychology*, 159 -187, New York, Wiley.
41. McGuire, J. (2018). *Understanding prison violence: a rapid evidence assessment,* Analytical summary Report 2018, HM Prison & Probation Service, UK.
42. Meng Chu, Daffern, M., Thomas D.M. Stuart, Ang, Y. & Long, M. (2014). "Criminal attitudes and psychopathic personality attributes of youth gang offenders in Singapore", *Psychology, Crime & Law 20 (3),* Routledhe Taylor & Francis Group, 284–301.

43. Monteiro E. Carlos (2015). *Understanding persistent offending among incarcerated offenders through General Strain Theory*, Northeastern University, Boston, Massachusetts.
44. Morizot, J. & Kazemian, L. (2015). *The Development of Criminal and Antisocial Behavior, Theory, Research and Practical Applications,* Springer International Publishing.
45. Raleva, M. (2006). *Adolescencija, kriza, semejstvo,* Magor, Skopje.
46. Romano, E. Babchishin, L, Marquis, R., & Frechette, S. (2014). “Childhood maltreatment and educational outcomes”, *Trauma, Violence and Abuse,* in press, 1–20.
47. Stefanovic-Stanojevic, T. (2015). *Afektivna vezanost: Razvoj, modaliteti i procena*, Filozofski fakultet u Nisu.
48. Widom, C. S. (1997). “Child abuse, neglect, and witnessing violence”, D. M. Stoff, J. Breiling, & J. D. Maser (Eds.), *Handbook of Antisocial Behavior*, New York: Wiley.

**Prof. Dr. Dragana Batic**[2]

# PARENTAL INCOMPETENCE AS A RISK FACTOR LEADING TO JUVENILE DELINQUENCY

**Abstract**

According to the American Psychological Association, the parenting practices around the world have three main goals: ensuring the health and safety of children, preparing children for a life as productive adults, and transmitting cultural values. Positive parenting consists of lots of emotional warmth and acceptance, positive socialization strategies, at the same time being a strong protective factor in general, including children living in difficult circumstances, such as low economic standard, single-parent family, poor neighbourhoods, military situation etc. Children whose parents do not practice positive parenting manifest more behavioural problems. Starting from the developmental criminology, which is based on identifying risk factors that lead to criminal and antisocial behaviour, this paper examines family factors crucial to the antisocial behaviour of juvenile delinquents, such as child neglect/abuse, parental criminality, and other incompetent parenting. practices that include: authoritarian and abusive parenting style, physical punishment, child abuse, substance abuse by parents etc. For each of these phenomena it is given an overview of research on the connection with youth criminality.

**Keywords:** juvenile delinquency, corporal punishment, child abuse, parental criminality, substance addiction

---

[2] Full-time professor at the Faculty of Security - Skopje.